**Образложение кон финансиските извештаи**

**за период 01.01.2020 година до 30.06.2020 година**

Во период од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година ДГ Бетон АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат во износ од 17.327 илјади денари.

**А. Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи во првата половина од 2020 година изнесуваат 663.776 илјади денари, и се зголемени за 12,61% во однос на 2019 година, но под планираните за 2020 година.

Проекцијата за 2020 година беше ревидирана заради целокупната новонастаната ситуација со Ковид 19 вирусот, како и препораките и мерките што како компанија ги превземавме во насока на почитување на вонредната состојба.

Очекуваме во другата половина да ја реализираме ревидираната планирана динамика за 2020 година.

**Б. Вкупни Расходи**

Остварените вкупни расходи во период Јануари-Јуни 2020 година изнесуваат 646.449 илјади денари и се зголемени за 11,57% во споредба со расходите од првите шест месеци на 2019 година.

Во првата половина од 2020 година ДГ Бетон АД Скопје нема промени во кредитната изложеност. Континуирано се превземаат активности во насока на реорганизација и рационализација на трошоците.

**В. Инвестиции**

Во периодот јануари - јуни 2020 година има зголемување во вложувањата во основни средства и истите изнесуваат 31.201 илјади денари.

**Скопје, година** **ДГ Бетон АД Скопје**

**31.08.2020**